РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх. бр. 02-1075/9
Дата 18.06.2026год.

Врз основа на член 57 точка 8 од Статут на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје (Унив. гласник бр. 443/2019год), член 324 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Унив.гласник бр. 425/2019год.), а согласно член 173 од Законот за високо образование (Сл.весник на РСМ бр.82/2018год., бр.178/2021), член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на 18.06.2026год., ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. м-р Мила Додевска, лаборант се избира во звањето асистент во наставно-научната област Компјутерско инженерство, информатика и роботика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, согласно оцената во рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ бр. 1354 од 01.06.2026 год. (стр.246-250)
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 07.05.2026 год. (за позиција 1) за избор на асистент во наставно-научната област Компјутерско инженерство, информатика и роботика, се пријави кандидатот м-р Мила Додевска, кој во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот, Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до: архива, сметководство, именуваниот/та, персонално досие

Декан
Вон.проф. д-р Петре Ламески

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје * Република Северна Македонија * Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје

Изработил: м-р Валентина Трајанова, Рак.на Одделение за правни и општи работи
Одобрил: м-р Игор Цветановски, Секретар